Врз основа на чл.14 од Законот за судска служба и Правилникот за критериумите и постапката за селекција и вработување на судските службеници (Службен весник на РМ бр.70/09), Основниот суд во Штип објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/10**
**за вработување на судски службеници**

I. Основниот суд во Штип има потреба од вработување на судски службеници на неопределено време на следните работни места:

- **судски референт – дактилограф,**
- **број на извршители – 2 (два)**

II. Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови за прием на судски службеници, предвидени во чл.12 од Законот за судска служба, да е државјанин на РМ, да е полнолетен, да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност и да има општа здравствена способност.

III. Посебни услови кои треба да ги исполнуват кандидатите предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на Основниот суд во Штип се:
- да има завршено средно образование,
- да работи на компјутер Microsoft office XP
- да има завршено дактилографски курс Іа или Іб класа
- да има работно искуство од 1 година.

IV. Заинтересираните кандидати се должни да достават ПРИЈАВА за вработување на судски службеник (образецот е објавен во Службен весник на РМ бр.70/09 или истиот може да се подигне во писарницата на судот, во приемно одделение). Пријавите со потребните документи во оригинал или заверена копија се поднесуваат во рок од 5 дена од денот на објавувањето на огласот во весниците „Утрински весник“ и „Лајм“ (не сметајќи го денот на самото објавување), на адреса:
Основен суд Штип
Комисија за избор на судски службеници (со назнака за оглас 1/10)
у. Ген. Михајло Апостолски бр.18 Штип

Ненавремените и некомплетните документи нема да се разгледуваат.

VI. Постапката за селекција и вработување ќе биде спроведена согласно Правилникот за критериумите и постапката за селекција и вработување на судски службеници.
Кандидатите кои се уредно пријавени на јавниот оглас, ќе полагаат стручен испит, кој се состои од писмен и практичен дел. За времето и местото на одржување на испитот дополнително ќе бидат известени. Со кандидатите што ке го положат испитот ќе се спроведе интервју.

Претседател,
Емил Пилатов